ЗДРУЖЕНИЕ НА СУДИИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0101/10
04.02 2021 год.

АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-68
04.02.2021 год.
СКОПЈЕ

Тргнувајќи од заедничките заложби за транспарентно, независно и самостојно судство, судство со интегритет и доверба кај граѓаните, притоа насочувајќи ги напорите кон поттикнување и афирмација на областите од заеднички интерес, преку унапредување на меѓусебната соработка, Судско-медиумскиот совет при Здружение на судиите на Република Северна Македонија, претставувано од претседателот судија д-р Џемали Саити, претседател на ЗСРСМ и судија Иван Џолев, Претседател на Судско-медиумскиот совет од една страна и Адвокатска комора на Република Северна Македонија, претставувано од Љубомир Михајловски, Претседател на Адвокатска комора на Република Северна Македонија, од друга страна (во натамошниот текст: страни потписници) на ден 04.02.2021 година, во Скопје, го потпишаа следниот:

**МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА**

**МЕЃУ**

**Судско-медиумскиот совет при Здружението на судиите на Република Северна Македонија**

**и**

**Адвокатска комора на Република Северна Македонија**

**Област на соработка**

**Член 1**

Водени од потребата за меѓусебна соработка заради ефикасно спроведување на своите надлежности утврдени со Закон, потврдувајќи ја заедничката заложба и интерес за унапредување на соработката во областа на судската транспарентност потписниците, се согласни заеднички да соработуваат во остварувањето на следните цели:

1. Зајакнување на соработката меѓу Судско-медиумскиот совет при Здружението на судиите на Република Северна Македонија и Адвокатска комора на Република Северна Македонија,

2. Делегирање на 2 (два) правни експерти од Адвокатска комора на Република Северна Македонија за подготовка на Стратегијата за зајакнување на судската транспарентност, предвидена како основна цел во проектот **„Зајакнување на улогата и функционалноста на Судско-медиумскиот совет“**, имплементиран од Здружението на судии на Република Северна Македонија и Амбасадата на САД во Република Северна Македонија, , како и подготовка и промоција на други документи од областа на транспарентноста и односите со медиумите.

**Видови на соработка**

**Член 2**

За остварување на горенаведените дефинирани цели на Меморандумот за соработка, страните, се согласни да ги реализираат следните активности:

- Промовирање на заедничките активности;
- Организирање настани од интерес за двете институции;
- Обезбедување на двајца правни експерти од Адвокатска комора на Република Северна Македонија за учество во работната група за изработка на Стратегијата за зајакнување на судската транспарентност;
- Стручна помош и анализа за конкретни проекти од областа на медиумите;
- Меѓусебно информирање за резултатите од соработката.

**Начин на реализирање на соработката**

**Член 3**

Соработката од член 2 на овој Меморандум ќе се остварува врз основа на поединечно доставени барања за секој одделен вид на соработка, со можност за склучување посебен договор за операционализација.

**Финансиски импликации**

**Член 4**

Евентуалните финансиски трошоци кои ќе произлезат од одделените видови на соработка ќе се утврдуваат со посебен договор склучен меѓу страните потписници на овој меморандум.

**Измена на меморандумот**

**Член 5**

Овој меморандум може да се измени и дополнува со писмена согласност меѓу страните-потписнички.

**Решавање на спорови**

**Член 6**

Споровите настанати во текот на спроведувањето на овој меморандум ќе се решаваат спогодбено меѓу страните-потписнички.

**Влегување во сила**

**Член 7**

Овој меморандум влегува во сила од денот на неговото потпишување.

**Член 8**

Овој меморандум е составен во 6 (шест) еднообразни примероци, од кои 4 (четири) примероци за Судско-медиумскиот совет при Здружението на судиите на Република Северна Македонија и 2 (два) примерока за Адвокатска комора на Република Северна Македонија.

Здружение на судиите на
Република Северна Македонија,

Претседател,
Судија д-р Џемали Саити,

_______________________

Судско-медиумски совет

Претседател,
Судија Иван Џолев

_______________________

Адвокатска комора на
Република Северна
Македонија,

Претседател,

Г-дин Љубомир Михајловски

_______________________

Скопје, 04 февруари 2021 година.